# Бесмртноста на душата кај Платон (III)

Стефан Пановски
студент на институтот за класични студии
Философски факултет, Скопје
noxdiaboli@yahoo.com

Целта на овој доказ е дека штом еден предмет може да нѐ асоцира на поимот за еднаквост, тоа неминовно значи дека ние тој поим претходно сме го знаеле. Бидејќи еднаквите предмети влегле во нашата свест во моментот кога ги добиваме нашите сетила- односно во моментот кога сме се родиле, произлегува дека знаењето за поимот на еднакво сме го добиле пред тоа. Бидејќи сите луѓе не ги знаат секогаш сите поими, произлегува дека поимите ги губиме при раѓањето, а кога ги среќаваме предметите кои се нивна сенка, преку нашите сетила тие не асоцираат и така преку сеќавањето кое претставува учење, стигнуваме до знаењето што сме го изгубиле.*

Одовде следува констатацијата: штом душата ги спознала поимите пред раѓањето, тогаш таа морала да постои пред тоа. Овој доказ до некаде ја разрешува и дилемата која остана нерасчистена по првиот доказ. Изгледа дека по смртта на телото душата се одделува свесна за себе и својот изминат живот, но во моментот кога повторно влегува во некое тело, го губи тоа сеќавање кое може да го обнови само со чист живот и постојано напрегање да го осознае светот на Идеите.

Меѓутоа Симија со право вели: Но недокажано е ми се чини и мене, Сократе, дали ќе ја имаме таа душа и кога ќе умреме; уште ми пречи она што пред малку го спомна Кебет, а својствено им е тоа мислење на мнозина, да не се растура душата во исто време со човековото умирање и тоа да ѝ биде крајот! Што ѝ пречи да настанува таа и да се образува на друго некое место, да постои всушност пред да дојде во човечкото тело, а кога ќе дојде и кога ќе се одвои од него и самата да завршува и да пропаѓа?[1]

На ова Сократ нема што да одговори па се обидува да докаже комбинирајќи ги двата доказа заедно. Но, во тој момент од дијалогот прашањето е сѐ уште отворено.

Третиот доказ е директно вмешување на учењето за Идеите како доказ дека душата е бесмртна. Начелно, докажувањето тече вака:

Најпрво утврдуваат дека нема пропаѓање, туку само распаѓање. На распаѓање се осудени сите нешта што се сложени, а оние кои не се сложени не. Оние нешта што се во постојан процес на менување се сложени, додека онаму каде што има едно битие, бидејќи е едно тоа е непроменливо, па според тоа и нераспадливо. Меѓу нештата што се менуваат спаѓаат сите појавни нешта кои се доловуваат со сетилата, додека меѓу нераспадливите се Идеите кои се апстрактни и се доловуваат единствено со ум. Човекот е составен и од двете.* Од една страна телото кое е во постојана промена и е сетилно восприемливо, е пропадливо, а од друга страна душата која е невидлива и не

се менува и е поблиска на Идеите (иако самата таа не е Идеја) па според тоа е непропадлива. Затоа по смртта на телото, душата е ослободена од неговите стеги и може полесно да го восприеми светот на Идеите, што пак покажува дека е бесмртна. Па така Сократ низ прашања доаѓа до следниов заклчок: Гледај и вака: Кога се заедно душата и телото по природа телото е определено да робува и да се покорува, а душата да владее и да господари; еве и по ова: што ти се чини дека е слично на божественото, а што на смртното? Нели е божественото определено да владее и да управува, а смртното да се покорува и да робува? - Ми се чини. - На што му прилега душата? - Јасно е Сократе, душата му прилега на божественото, а телото на смртното. - Погледај уште еднаш Кебесе, рече Сократ, дали следува овој заклучок од сето што е речено: душата му е сосем слична на божественото и бесмртното, на умното и едноликото, на нераспадливото, на она што вечно останува исто само по себе, а телото му е најслично на човечкото, на смртното, на многуликото, на неумното, на распадливото, на она што никогаш не останува исто само по себе.[2] Овде веќе Кебет се сложува.

Овој доказ е речиси неоспорлив, но само под еден услов доколку веруваме во Идеите.

Сепак Симија и Кебет, повеќе како некакви Софисти одошто Питагорејци уште еднаш се обидуваат да го оспорат Сократ.

Обајцата приговараат но со сосем различен пристап, Симија споредувајќи ја душата со хармонијата (ἁρμονία) на лирата, а Кебет со шивачот и неговата облека. Суштинската разлика меѓу двата приговори е во тоа што Симија, велејќи дека хармонијата настанува од физички воспиемливата лира и дека по нејзиниот распад (на лирата), исчезнува и таа самата (хармонија), всушност истакнува мислење дека телото ја создава душата, па затоа кога телото ќе исчезне, исчезнува и душата. Наспроти него, Кебет го споредува односот меѓу кројачот и облеката што ја крои со душата и телото. Кебет од друга страна јасно истакнува дека смета оти душата е таа што го создава телото, но не е сигурен во непотрошливоста на животната енергија на душата.

Сократ енергично се впушта во побивање на нивните приговори. Приговорот на Симија е лесно побиен. Откако е утврдено едногласно дека доказот за претходното знаење е точен, Сократ го запрашува Симија: Забележуваш ли, тебе не ти се слага тврдењето дека душата постои и пред човечкиот облик, пред да дојде во телото, со она, дека е составена од нешта што ги нема!?[3] (при тоа мислејќи на хармонијата која е составена од лира и жици). Во тој момент Симија свесен за својата недоследност се откажува од споредбата.

Одговорот со кој Сократ го побива Кебет е нешто повеќе комплициран од претходниот. Ние ќе се задржиме само на главните докази кои ги пружа Сократ. Пред сè тој смета дека сите нешта се такви какви што се бидејќи учествуваат во Идеите кои пак од своја страна се апсолутни. Воспримливите нешта, иако не се идеи, поради нивното учество во идеите, на некој начин се исто така апсолутни, па така во себе не можат истовремено да содржат два спротивни поими: поимот топлина и огнот не се исто, огнот има “облик” (μορφή) на топлината со што тој учествува во поимот топлина. Како таков тој не може да биде ладен, па ако му пристапи ладно тој, или пропаѓа, или отстапува. Таков е односот на сите нешта.

Сличен е односот и меѓу душата и смртта. Самата душа не е спротивна на смртта, но бидејќи е многу цврсто поврзана со Идејата за животот, која пак од своја страна е директно спротивставена на смртта, произлегува дека и душата е спротивна на неа. Па бидејќи душата и смртта не можат да бидат заедно на исто место, во моментот пред смртта да навлезе во телото, душата излегува од него жива.

Овој доказ подобро би го сфатиле преку следниве примери, изведени од толкувањето на Платон: - снегот (кој е проекција на нетопло), бидејќи е пропадлив, пропаѓа пред огнот (кој пак е проекција на неладното); - огнот (кој е проекција на неладното), бидејќи е пропадлив, пропаѓа пред снегот (кој е проекција на нетопло); и - душата (која е проекција на животот), бидејќи е непропадлива, бега пред смртта.[4]

Сепак во право е Коплстон, кога вели дека во суштина ова не е доказ за непропадливоста на душата, од причина што самиот доказ тргнува од претпоставката дека душата е непропадлива, па потоа се одредува нејзиниот однос со смртта.[5] Но тоа и не е до толку проблем од причина што и Сократ и самиот Кебет ја прифаќаат претпоставката дека душата живее далеку подолго од телото. Примедбата во крајна линија се сведуваше на побивање на непотрошливоста на животната сила на душата, а Сократовиот доказ го докажува токму спротивното.

Далеку поголем проблем претставува тоа што доказот на Платон почива на верувањето во апсолутни величини, без при тоа да даде урнек по кој би се раководеле. Или со други зборови: Доколку ладноста му пристапи на огнот, тој не мора нужно да пропадне, туку може да остане оган и тоа топол, а сепак да изгледа ладен, во споредба со некој предмет кој е потопол.[6]

Според ова, четвртиот доказ во „Фајдон“, очигледно е најпроблематичен и донекаде премногу апстрактен. Тој е поскоро потврдувач на третиот доказ, одошто е доказ сам по себе.

Тука некаде завршува спорењето во „Фајдон“. Сите, уверени во говорот на Сократ присуствуваат на неговата смрт. Тој достоинствено пред смртта ја покажува увереноста во она што го зборуваше. Неговите последни зборови се: Ὦ Κρίτον ἔφη, τῷ Ἀσκληπιῷ ὀφείλομεν ἀλεκτρυόνα.[7]

- Пораката е јасна: Смртта е крајот на боледувањето и почеток на животот, затоа да му жртвуваме на богот на медицината Асклепиј.

Како да ги прифатиме доказите кои Платон ни ги нуди? Имајќи ја во предвид тежината на темата за која се зборуваше, мора да признаеме дека Платон со овие докази кои ни ги приближува, земајќи примери од секојдневниот живот, делува навистина уверливо. Во основа целото прашање нè сведува на тоа дали сме платонисти или не, односно дали веруваме во учењето за Идеите или не? Доколку веруваме во Нив, тогаш нема причина да не веруваме и во неговите докази, душата навистина е бесмртна. Изгледа дека Платон себе си си створил највозвишена претстава за битието и достоинството, за потеклото и она што и е одредено на душата, која надминувајќи ја секоја мерка на времето, се протега во бесмртност.[8]

Врската пак меѓу душата и Идеите е очигледна. Нивниот однос е нераскинлив, а душата како нешто што е над останатите проекции на Идеите, единствено е во состојба

да ги согледа. Идеите се суштествена вистина, одделена од нештата што не опкружуваат во нашиот свет; истовремено, на душата која ги спознава Идеите и è овозможено одделно постоење, независно од телото кое го населува во одредено време.[9]

## 1. Душата и телото
## (за душата по смртта)

Како и сите други учења, така и учењето за животот по смртта не стои независно, само за себе, туку се испреплетува со другите учења. Како што државното устројство беше поврзано со деловите на душата, учењето за Идеите со учењето за бесмртноста на душата, така и учењето за животот на душата по смртта е тесно поврзано со етиката на душата кај Платон.

Душата, сè додека пребива на овој свет е окована од телото. Телото, заедно со третиот дел на душата- τὸ ἐπιθυμητικόν ја спречува душата да се сврти кон задпојавното, кон светот на Идеите. Токму поради тоа, задачата на умниот дел-τὸ λογιστικόν е да го "впрегне" третиот дел и да ги совлада неговите потреби кои се од овоземскиот свет, за да би можел да се сврти кон Идеите, значи кон местото од каде навистина доаѓа и кон каде се стреми. Битието на вистинската душа значи, му припаѓа на надсетилниот свет, а бидејќи само во него има вистинско и трајно битие, блаженството- кое е последната цел на човековото живеење, може да се постигне само ако човек се труди да се воздигне со тој повисок свет.[10]

Тоа што душата паднала на овој свет иако реално гледано не му припаѓа е резултат на нејзината извалканост, поразот кој го доживеал умствениот дел наспроти другите два. За појасно да видиме како Платон го замислувал овој процес повторно ќе се послужиме со еден мит:

Таа личи на срасната сила од крилата двоколка и уздодржец. Коњите на боговите и нивните уздодржци сите се од племенит род, додека кај останатите е мешано. Отпрво, нашиот уздодржец управува со двоколката, а потоа од коњите само едниот му е убав и добар и од таков род, а другиот во сè спротивен е на овој. Тешка е значи и мачна управувачката работа кај нас. А како дошло до тоа да се говори за смртни и бесмртни битија? Тоа ќе се обидеме да објасниме. Секоја душа се фаќа за сè што нема душа и го обиколува целото небо, појавувајќи се те во една те во друга прилика. Ако е совршена и крилата, се крева во небесните височини и пребива по целата вселена, а на онаа на која перјата и паднале, паѓа се додека не се дофати за некакво тврдо место. Тука се населува и зема човечко тело, кое се движи од нејзината сила, а таа целина, на душата и телото, се нарекува живо битие, а другото име му е смртно;[11]

Значи гревот е веќе направен, како да се врати душата таму од каде дошла? Само преку оној „φιλοσοφικὸς τρόπος τοῦ βίου". Тука клучен е терминот доблест. Според поделбата на душата и според целта кон која се стреми, Платон разликува четири стожерни доблести: Доблеста на умствениот дел е мудроста (σοφία), на волевиот дел е храброста (ἀνδρεία), додека пак на желбениот е умереноста (σωφροσύνη). Кога секој

дел од душата си ја извршува својата задача, така што сите три дела со своите доблести чинат една хармонија, се појавува праведноста (δικαιοσύνη), како општа доблест.[12]

Така, по смртта на телото, кога се ослободува душата, зависно од тоа кој дел ќе надвладее, таа може да се крене кон Идеите, или пак пропаѓа и повторно се враќа во некое земско тело. При секое враќање, душата го губи сеќавањето од претходниот живот.*

Сега сосем на кратко ќе се осврнеме на прашањето дали преживува целата душа или само некои од деловите. Се добива впечаток дека и самиот Платон се двоумел по ова прашање. На некои места, Платон мисли дека душата цела ја надминува смртта, додека на некои дека единствено умствениот дел, делот кој се стреми да ги спознае Идеите се воздига.* Меѓутоа, доколку се воздига само умствениот дел-τὸ λογιστικόν, тоа би значело дека душата сепак е делива, а со самото тоа и дека не е единствена, со што третиот доказ од Фајдон би го докажал токму спротивното, дека душата е распадлива. Потоа, митот за двоколката и возачот покажува дека душата пред да дојде на овој свет ги има сите три дела, а како Платон никаде не дава развиена теорија како може тие делови кои се несовршени да настануваат сами од себе во светот на Идеите. Според ова ние сме на мислење дека првата размисла на Платон е поприфатлива и посистематизирана, но од друга страна секако дека штом Платон истакнува сосем спротивна мисла во Тимај, втората теорија не е случајна. Тоа прашање останува отворено. Нам најприкладно ни изгледаше да го завршиме овој труд во кој се обидувавме да ја видиме природата на самата душа и нејзината бесмртност со еден цитат кој според нас директно ја погодува суштината:

Поединечната душа може да се спаси од времето и просторот во вечноста, а сепак, да не ја загуби својата единственост наоѓајќи се во општото,возвишена над времето и просторот. При тоа не треба да се прашуваме колку од она личното и индивидуалното може да се сочува во поединечната душа, откако таа веќе ги отфрли волјата и желбата, сетилното восприемање и се што неа ја доведува во врска со светот на променливото и разновидното, со што повторно станува огледало на вечното; како што може да се замисли духот кој е издигнат над просторот и времето и над сите видови на восприемање, а сепак е посебен во својата посебност меѓу подредените. Така душите, како подредени битија свесни за својата самост, како што живееле од почеток, според Платон, живеат во бесконечното време и далеку од било каква временост. Тој учи за личната бесмртност.[13]

## Белешки:

[1] Истото дело, стр. 105.
[2] Истото дело, стр. 109 - 110.
[3] Истото дело, стр. 129.
[4] Оваа схема е преземена од објаснувањата на М. Ѓуриќ, кои се во состав на книгата: М. Ђурић, *Платон, дела,* Београд 2002, стр. 337.
[5] Фредерик Коплстон, истото дело, стр. 251.
[6] М. Ђурић, *Платон, дела,* Београд 2002, стр. 336.
[7] Plato, *Phaedo,* 118a7

[8] Ervin Rode, истото дело, стр. 346.
[9] Francis Cornford, истото дело, стр. 63.
[10] Д-р Милош Ђурић, *Историја Хеленске Етике*, стр. 378.
[11] Plato, *Phaedrus,* 246b-246c
[12] Д-р Милош Ђурић, *истото дело,* стр. 383.
[13] Ervin Rode, истото дело, стр. 357.